Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 02.06.2021

Од 00.00 часот до 04.00 часот (02.06.2021) констатирано е дека шест лица не ја почитувале забраната за движење. Во текот на изминатото деноноќие (01/02.06.2021) пак, на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 145 прекршоци.

На 01.06.2021 во 19.30 часот на подрачје на Центар, од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Л.Н.(34) од Велес бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2021 во 19.00 часот на подрачје на Гази Баба, од полициски службеници од СВР Скопје биле лишени од слобода Б.Б.(36) и Е.Ј.(53), двајцата од Скопје, бидејќи кај нив била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2021 во 14.40 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица ги лишиле од слобода В.Љ.(37) и З.Ч.(34), двајцата од Штип. При преглед во возило „сеат леон" со штипски регистарски ознаки, управувано од В.Љ., а сопатник бил З.Ч., била пронајдена марихуана и бела прашкаста материја. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.06.2021, СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 56 мерки, меѓу кои 32 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 14 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 3 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 3 прекршоци сторени од мотоциклисти за неносење заштитен шлем.

На 01.06.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена засилена контрола во областа на сообраќајот, при што било констатирано дека 89 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, 23 возачи управувале возило без возачка дозвола, 8 разговарале на мобилен телефон и тројца не користеле сигурносен појас. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 01.06.2021 во 20.45 часот на локалниот пат с.Тополчани-с.Ерековци, прилепско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило марка „цитроен" со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.Р.(52) од с.Канатларци и трактор „солис", управуван од Е.Р.(43) од с.Канатларци. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Б.Ш.(56) од Прилеп, сопатник во патничкото возило, констатирни во Градска болница Прилеп. Со телесни повреди, констатирани во Градска болница Прилеп, се здобиле возачот М.Р. и сопатниците во патничкото возило Д.А.(40) и И.К.(36), двајцата од Прилеп. Увид на местото извршила увидна екипа на Полициската станица Прилеп.

На 01.06.2021 околу 18.00 часот на Граничен премин „Долно Блаце" од полициски службеници бил приведен М.К.(42) од Италија бидејќи патничкото моторно возило „џип чироки" со италијански регистарски ознаки, кое го управувал, било предмет на потрага издадена од Сектор за меѓународна полициска соработка- МВР. Лицето и возилото биле предадени на полициски службеници од Одделение за криминалистички работи-Чаир за понатамошна постапка.

На 01.06.2021 во СВР Скопје, Г.С.(56) пријавила дека на ул.„Методија Андонов Ченто" била касната од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Б.(39) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на пари". Пријавениот, на 02.12.2020 во менувачница променил банкнота од 500 евра, за која подоцна било утврдено дека е лажна.

СВР Штип, СВР Велес, СВР Струмица, СВР Охрид, РЦ за ГР Север и РЦ за ГР Југ поднесоа кривични пријави против А.П.(40), П.Р.(50), Ф.А.(36), Б.М.(22), П.М.(25), сите од Кочани, Д.В.(16), Ф.Б. (20), Н.М.(16), Б.А.(48), сите од Велес, Ј.М.(37) од с.Горно Јаболчиште-Велес, В.Г.(61) и С.Ш.(49) од Струмица, Н.Д.(89) од с.Куртамзали -Дојран, Ј.У.(29) и И.У.(23) од с.Казандол Валандово, В.Т.(49) и К.А.(35) од Струмица, С.К.(31) од Радовиш, Д.Д. (43) од Кичево, Н.М. (47) од с.Лабуништа –Струга, Е.К.(24) од Дебар, И.П. (28) од Скопје, Б.С.(50) од Скопје, А.Л.(49) од Р.Албанија поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 09.04 до 01.06.2021, без дозвола за движење се движеле за време на ограничувањата дадени од страна на Влада на Република Северна Македонија за забрана за движење на возила и лица.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против правно лице – угостителски објект од Струмица и П.Х.(33) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 07.05.2021 во 22.00 часот, полициски службеници извршиле контрола во објектот и констатирале дека повеќе гости биле послужувани со пијалоци, без да се почитува протоколот за работа на угостителски објекти.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против Н.С.(40) од с.Горни Подлог и И.П.(31) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 16.11.2019, првопријавениот ставил објект на располагање на И.П., Б.В. и В.Н. и им овозможил да користат амфетамин кој го набавил второпријавениот И.П.. Полициски службеници извршиле контрола, при што ја пронашле и одзеле дрогата.

На 01.06.2021 во 12.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на ПИОМ, на подрачје на Аеродром, Д.Х.(76) од Скопје физички ги нападнала С.Љ.(46) од с.Глумово, скопско и М.Л.(62) од Скопје, двајцата вработени во ПИОМ. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2021 во 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Перо Наков" во Скопје било пронајдено починато машко лице. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено на обдукција.

На 01.06.2021 во 23.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, З.Ж.(32) пријавил дека од дома се оддалечила неговата сопруга М.Ж.(42). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.06.2021 во 14.00 часот во СВР Скопје, К.М.(27) пријавил дека околу 12.30 часот на бул.„Св.Климент Охридски" во Скопје едно лице од торбата му одзело предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2021 во 15.30 часот во СВР Скопје, Н.Н.(53) од Кратово пријавила дека околу 14.30 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, додека била на своето работно место, по претходно недоразбирање, била физички нападната од Д.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2021 во 20.00 часот во СВР Скопје, Е.Х.(19) од Скопје пријавил дека на 28.05.2021 околу 20.40 часот во угостителски објект на плоштад на подрачје на Центар, додека бил на своето работно место, по претходно недоразбирање, физички бил нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2021 во 20.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, С.А.(43) од Скопје пријавил дека од дома се оддалечила неговата сопруга М.С.(39). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.06.2021 во 13.00 часот во СВР Скопје, 16 - годишник од неготинско село пријавил дека околу 12.30 часот во близина на спортска обложувалница на подрачје на Шуто Оризари, по претходно недоразбирање бил физички нападнат од друг 16 - годишник од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2021 во 12.40 часот во СВР Скопје, Ј.К. од Скопје пријавил дека во населба Бутел забележал отштетена ролетна и стакло и проонашол зрно од огнено оружје. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.06.2021 во 17.10 часот во Полициската станица Сарај, А.Р.(60) од с.Долно Свиларе пријавил дека околу 16.30 часот неколку лица противправно го лишиле од слобода З.А.(27) од с.Долно Свиларе. По кратко време, од негови роднини З.А. со повреди бил пронајден во с.Кондово и бил пренесен во болница за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет